

## НАШИ КРИТЕРИУМИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ВОЛОНТЕР ВО СЕМЕЈСТВО-ДОМАЌИН

- ✓ Соба со кревет со душек, работна маса, стол и гардеробер, којашто ќе биде користена само од страна на волонтерот;
- ✓ Обезбедено греење во собата;
- ✓ Прозорци што се затвораат добро; и врата што може да се заклучи;
- ✓ Пристап до тоалет и до бања; и бојлер во бањата;
- ✓ Пристап до кујна и до елементите за готвење;
- ✓ Волонтерот не треба да живее со семејството на соработникот или на одговорното лице во организацијата или училиштето.

Peace Corps
NORTH MACEDONIA

# СЕМЕЈСТВО-ДОМАЌИН НА ВОЛОНТЕР ОД МИРОВНИОТ КОРПУС

Стани дел од нашето семејство!

## КОНТАКТИ:

**Драган Маркоски**
070 406 005

**Теута Саљии**
070 383 780

**Ајнур Касо**
071 366 428

**Мировен корпус Северна Македонија**
8 Ударна Бригада #2,
1000 Скопје

**Електронска пошта:**
mk-pcv@peacecorps.gov
**Тел:** +389 2 3090-012
лок. 17, 23, 38

Секое семејство, што сака да прифати волонтер да живее како дел од нивното семејство, може да се пријави во Мировен корпус. Сместувањето на волонтерите не треба да биде луксузно, односно треба да биде просечно и според локалните стандарди.

## КОИ СЕ ВОЛОНТЕРИТЕ НА МИРОВЕН КОРПУС?

Тие се граѓани на САД со најразновидно потекло: припадници на различни етнички групи, на различна возраст и пол, со најразлични професии. Волонтерите доаѓаат со цел да разменат знаења, да ја споделат американската култура и да научат за културите на луѓето во нашата држава.



## ШТО РАБОТАТ?

Волонтерите престојуваат во нашата држава две години. На почетокот живеат со семејства домаќини, а работат во општините, во граѓанскиот сектор, или во основните и во средните училишта. Целта на работата на волонтерите е да овозможат подобрување и развој на капацитетите на организациите и унапредување на наставата по англиски јазик.

## ЗОШТО ВОЛОНТЕРИТЕ СЕ СМЕСТУВААТ ВО СЕМЕЈСТВА-ДОМАЌИНИ?

- За да научат за културата и обичаите во нашата држава и полесно да се навикнат на истите.
- За да можат да ги разберат сличностите и разликите меѓу начинот на живот во Америка животот во нашата држава.
- За да бидат полесно и побрзо прифатени од средината во којашто ќе живеат.
- За да го вежбаат локалниот јазик што го учат.

## ШТО ДОБИВА СЕМЕЈСТВОТО-ДОМАЌИН?

Семејствата добиваат нов пријател, другар, учител на нивните деца, можност да разменуваат култури и искуства, бесценети моменти, размена на идеи и начин на живот, како и симболичен паричен надомест.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ:

- Семејството ќе добива 13 000 денари месечно како надомест за трошоците за греење, електрична енегрија, интернет и за другите зголемени трошоци на семејството.
- Ако во куќата има посебен спрат/простор за волонтерот со пристап до кујна и до бања, тогаш надоместот е 10 000 денари месечно и покривање на трошоците за струја (6000 денари месечно за месец ноември - април и 2000 денари месечно за месец мај – октомври).
- Волонтерите дополнително ги покриваат трошоците за храна.